Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21 и 154/23), а во врска со член 41 став 6 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, одлучувајќи по Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво ВИСТЕЛ ДООЕЛ Скопје (Уп1 бр.02-347 од 03.11.2023 година), согласно Заклучокот на Советот арх.бр.02-4325/8 од 23.11.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 38-та седница одржана на 23.11.2023 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ВИСТЕЛ ДООЕЛ Скопје, и тоа:

- за истапување на правното лице Друштво за производство туризам промет и услуги ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС [redacted] и адреса на ул.„[redacted]“ бр.[redacted], [redacted], и

- за пристапување на физичкото лице, [redacted], со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул.„[redacted]“ бр.[redacted], [redacted].

2. Се задолжува Трговското радиодифузно друштво ВИСТЕЛ ДООЕЛ Скопје, по извршената промена наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

### О б р а з л о ж е н и е

Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ВИСТЕЛ ДООЕЛ Скопје, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура (Уп1 бр. 02-347 од 03.11.2023 година), ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) за неговата намера да спроведе промена на сопственичката структура на ТРД ВИСТЕЛ ДООЕЛ Скопје.

Доставеното Известување за промена на сопственичка структура (Уп1 бр.02-347 од 03.11.2023 г.), од страна на ТРД ВИСТЕЛ ДООЕЛ Скопје, се утврди дека е комплетно и уредно, односно ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичка структура.

Агенцијата со цел да испита дали со предложените промени на сопственичката структура на ТРД ВИСТЕЛ ДООЕЛ Скопје би се создала недозволена медиумска концентрација, односно дали тие се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од ЗАВМУ, преку интернет Дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Северна Македонија (РСМ), обезбеди документ „Информација за поврзани субјекти (овластени лица, органи на управување, сопственици во други субјекти) – Тековна состојба“, бр.0820-50/150020230319413 од 14.11.2023 г., и „Информација за поврзани субјекти (овластени лица, органи на управување, сопственици во други субјекти) – Тековна состојба“, бр.0820-50/150020230319537 од 14.11.2023 г., од кои е видно дека лицето [redacted] се јавува како овластено лице на подружницата на: МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА – ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА – Скопје, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 94.91 - Дејности на верски организации; МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА – ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА Скопје – Македонска Православна Епархија за Австралија, Битола, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 94.91 - Дејности на верски организации и МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА – ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА Скопје – Преспанско-

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

Пелагониска Православна Епархија, Битола, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 94.91 - Дејности на верски организации. Како основач/сопственик на МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА – ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА Скопје се јавува: Универзитет „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ во Скопје, Православен богословски факултет „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – Скопје, придружна членка (со приоритетна дејност/главна приходна шифра 85.42 – Високо образование); Трговско друштво за градежништво ОБНОВИТЕЛИ ДОО Скопје (со приоритетна дејност/главна приходна шифра 41.20 – Изградба на станбени и нестанбени згради); Фондација СВ. ЦАР КОНСТАНТИН Скопје (со приоритетна дејност/главна приходна шифра 94.99 – Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место); Друштво за производство, трговија и услуги МАНАСТИР СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН ДООЕЛ Скопје (со приоритетна дејност/главна приходна шифра 18.14 – Книговезни и сродни услуги); Друштво за производство на електрична енергија ХЕЦ ДРАГОВ ДОЛ ДОО Кичево (со приоритетна дејност/главна приходна шифра 35.11 – Производство на електрична енергија) и како содружник на Друштво за производство трговија и услуги ТРИНИТИ СОЛАР ДОО увз-извоз с.Долно Лакочереј Охрид (со приоритетна дејност/главна приходна шифра 35.11 – Производство на електрична енергија). Исто така лицето [redacted] се јавува и како овластено лице на: Хуманитарна организација САМАРЈАНИН Битола, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 88.99 – Останати дејности на социјалната заштита без сместување, неспомнати на друго место (ова правно лице не се јавува како основач на трговски друштва) и на Фондација за изградба и обнова на македонски православни храмови ФИЛАНТРОП Битола, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 94.99 – Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место (ова правно лице не се јавува како основач на трговски друштва) како основач и управител на Друштвото за производство туризам промет и услуги ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 70.21 – Односи со јавноста и дејности на информирање (ова правно лице се јавува како основач на Трговското радиодифузно друштво ВИСТЕЛ ДООЕЛ Скопје) и како управител на Трговското радиодифузно друштво ВИСТЕЛ ДООЕЛ Скопје (радиодифузерот не се јавува како основач на трговски друштва).

Дополнително, Агенцијата изврши проверка и во Регистарот на вистински сопственици кој го води Централниот регистар на РСМ, од каде го обезбеди документот „Тековна состојба за физичко лице - вистински сопственик“, бр.2007-50/150020230319424 од 14.11.2023 г., за лицето [redacted], со којашто ги потврди горенаведените податоци.

По извршената промена на сопственичка структура, единствен сопственик на ТРД ВИСТЕЛ ДООЕЛ Скопје ќе биде физичкото лице [redacted], со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул.„[redacted]“ бр.[redacted], [redacted].

Со оглед дека Агенцијата констатираше дека со спроведувањето на промената на сопственичката структура на ТРД ВИСТЕЛ ДООЕЛ Скопје не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗАВМУ, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување за промена на сопственичката структура (Уп1 бр.02-347 од 03.11.2023 г.), Советот на Агенцијата, донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ с.р.**

**Бр.02-347**

**24.11.2023 година**
**С к о п ј е**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.